Во издание на:

STAR - STAR

Поддржано од:

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS



Број 23

# ОД НАС ЗА НАС

Списание направено од сексуалните работници
за сексуалните работници

ЈУНИ 2012

# Здраво наши,

Горди сме што за прв пат оваа година во Македонија го одбележавме 2-ри Јуни, Меѓународниот ден на сексуалните работници. Настанот беше одржан во градскиот парк во Скопје, каде се поделија промотивни материјали од нашето здружение. Ќе се трудиме да го продолжиме одбележувањето на 2-ри Јуни секоја наредна година.
Ви посакувами да бидете насмеани во топлите јунски денови.












# Секси приказни

Во разговор со група девојки, ги прашав да ми опишат кој дел од машкото тело ги привлекува.

На првите две места се најдоа очите и усните, а на третото место, зачудувачки, но се најдоа рацете. Се разбира, девојките сакаат да видат убав стегнат задник, јаки колкови, или широки рамења, но ако мажот има убави раце, жените тоа ќе го забележат. Знам дека вие момци, сега во себе си велите… аха, како да не… но ислушајте ме.

За жена е десет пати полесно да доживее оргазам со допир со прсти, отколку со лижење или ебење.

Морате да земете предвид дека за жена да доживее оргазам, не само што треба сите вистински точки да се стимулираат, туку таа мора да биде опуштена и да не размислува за ништо друго. Тоа може да биде малку тешко кога имате нечие лице пикнато меѓу вашите нозе, што практично ве моли да свршите со секое движење на јазикот. И без разлика на тоа колку е тој некој вешт во тоа што го прави, вие можете, а и не морате да доживеете оргазам. Но со прстите...тоа е нешто сосема друго.

Ајде да го разгледаме тоа од психолошка гледна точка. Сексуално, повеќе жени имаат потреба да се почувствуваат поврзани со личноста со која се, за да навистина уживаат во сексот. Жените сакаат да ги допирате и бакнувате и држите во прегратка. Сите тие работи се тешки ако се што гледате од партнерот е само врвот на неговата глава меѓу вашите нозе, или одвреме навреме неговите очи кога ќе го подигне погледот, што може да биде бизарно за некого. Но ако партнерот лежи до вас, вие сте во неговата прегратка, неговите усни ве бакнуваат насекаде по вратот, градите и усните, а потоа неговите прсти почнуваат да танцуваат на вашите препони, меѓу вагиналните усни и внатре во...ех, тоа е навистина рајски. Како жена, вие ќе се почувствувате сакано и заштитено. Јас лично, повеќе би сакала партнерот да ми ги бакнува усните на лицето, отколку тие меѓу нозете. Не дека оралниот секс не е понекогаш прекрасен. Дали вие момци се сеќавате на првиот пат кога некоја девојка ве изебала? Како се случило тоа? Се кладам дека тука голема улога имале прстите. Чудно е тоа како момчињата го знаат тоа, но возрасните мажи често забораваат. Тие само сакаат да го прескокнат делот со "предјадењето" и да почнат со главното "јадење". Галењето со рацете е само предигра пред главното случување, нели? Епа, не е така. Најлесен начин за жената да сврши е преку мануелна стимулација. Размислете за тоа, вашите прсти можат да прават различни работи во исто време. Да галат, да стискаат, да штипкаат, да тријат, да скокоткаат. Тие можат да бидат нежни и внимателни, или груби и јаки. Можат да ги допрат сите вистински точки во исто време. И ви ветувам...ако сте доволно трпеливи и добри во тоа, таа ќе сврши најмалку двапати и сеуште ќе ве моли да ја ебете. Јас би ве молела. Пробајте го ова...секако ќе успеете кај мене. Почнете да ја галите полека...зборувам за толку бавно што нема ни да забележи отпрвин дека ја допирате. Едвај допрете ги нејзините усни со прстите, играјте си со нејзината коса и кога ќе почне да се возбудува, поминете со прстите преку вагиналните усни, но сеуште не пикајте ги внатре. По неколку минути од оваа тортура, таа или ќе почне да ги шири нозете се повеќе и повеќе, или ќе почне кружно да се движи со колковите. Најверојатно ќе се обиде да се придвижи со колковите кон вашите прсти обидувајќи се да ве натера да ги пикнете внатре. Кога ќе почне да прави такви движења, тогаш значи дека ја имате во раце. Лизгајте ги прстите преку нејзиниот задник и нежно, многу нежно, со навлажнетите прсти поминете преку нејзиниот клиторис, сеуште непенетрирајќи. Потоа, дозволете им на прстите да ги рашират вагиналните усни, употребувајќи ги само врвовите. Поминете со прстите од вагиналниот отвор, па се до клиторисот. Одете напред и назад, полека и нежно од почеток, размачкувајќи ги нејзините сокови наоколу, навлажнувајќи ја насекаде. Да ви објаснам нешто вам момци, за дел од анатомијата на женското тело, за кој ретко се разговара. Тоа е нешто за што не сум била свесна се додека не бев со мојата прва лезбејка,



а тоа е вената што ја носи крвта во клиторисот. Нејзината единствена функција е да ја носи крвта кон клиторисот и ништо друго. Замислете си, да ја стимулирате таа вена е како да користите далечински управувач за клиторисот, токму каде што започнува отворот на вагиналните усни. Почнете да допирате кон вагиналниот отвор и ќе почувствувате цврста вена паралелна со вагиналните усни, потоа протријте ја таа вена, отпрвин нежно, но потоа употребете малку притисок и следете ги нејзините реакции. Во овој момент, таа веројатно ќе се обиде самата да мастурбира, или во најмала рака ќе ви ги турка прстите подлабоко. Затоа, без двоумење, пикнете еден прст во неа и гледајте како ги движи колковите обидувајќи се да ве натера да ја ебете со прстите. Но немојте. Употребувајќи го само тој еден прст, истражувајте во нејзината внатрешност неколку минути. Со палецот, нежно протријте и го клиторисот одвреме навреме. Сега, таа ќе цвили, ќе ви го каса вратот, ќе се притиска кон вашата рака и најверојатно, ќе посегне по вачиот кур. Но, направете овој пат, да биде во врска со неа, без да го вклучите вашиот кур. Кутрата девојка, до сега веќе ќе биде излудена од желба, па затоа вметнете уште еден прст во неа и обидете се да ја најдете нејзината Г-точка. За тоа време, сеуште тријте и го клиторисот, но внимавајте да не вршите преголем притисок врз него, затоа што навистина боли. Потоа, вметнете уште некој прст во неа, притискајќи ја Г-точката. Сега веќе можете да бидете погруб, бидејќи сигурно ќе биде навлажнета и повеќе од доволно. Тука се од голема корист големите, машки, груби раце. Ебете ја со три или четири прсти и бидете онолку груби колку што таа посакува. Не морате веќе да се грижите за клиторисот, ако таа сака, ќе си го трие самата. Ебете ја силно, но не ги вадете до крај прстите. Исто така, кружните движења не се на одмет. Ах, не можам да запрам. Дури се навлажнив и самата пишувајќи на оваа тема.

Сериозно момци, употребете ја онаа мануелна умешност што сте ја здобиле играјќи ги сите видео игри. Направете и го ова на жена и таа не само што ќе ве моли да ја изебете, туку можно е да присуствувате и на оние ретки женски ејакулации при оргазам. Но, тоа е сосема друга приказна.




# Најстарите “дами на ноќта”

“Meet the Fokkens“ е името на документарецот за сестрите близначки, Луиза и Мартина кои се ветеранки во славниот амстердамски кварт “Red Light District“, а една од нив сеуште ја работи најстарата професија на светот.На филмскиот фестивал Форум, во Њујорк, ова лето ќе дебитира искрениот документарец за двете сексуални работнички, стари 68 години.

Луиза и Мартина, ветеранките од славниот кварт “Red Light District“ се ѕвезди во филмот “Meet the Fokkens“. Во најавата на филмот тие опишуваат како се смениле времињата од почетоците на 60-тите години на минатиот век, кога тие ја започнале својата кариера.“Не можам да ви опишам колку трикови знаевме, ретко вистински имавме секс, освен ако не бевме добро платени“, вели Луиза.Таа објасни и дека пред две години била приморана да се пензионира заради артритис, но нејзината сестра продолжила да работи.Сестрите во документарецот, меѓу останатото, ја прегледуваат понудата на вибратори во еден секс шоп и разговараат за квалитетите на производите







и како може да се користат. Документарецот кој ќе почне да се прикажува во САД наесен ја раскажува и сериозната страна на приказната, односно објаснува како сестрите Фокенс се ослободиле од контролата на макроата, и како го основале првиот неформален синдикат за сексуални работници.

Режисерите Габриеле Провас и Роб Шрод кажале дека тоа е приказната која сакале да ја раскажат.

“Луиза и Мартина се вистински, старомодни амстердамски сексуални работнички, слободни се, весели и не се плашат од никој“, тврдат режисерите. Иако проституцијата во Холандија е легална, нивниот избор на кариера не поминал без предрасуди. Во една од сцените, една од сестрите и вели на другата “ Ја изработи работата, ти си курва и никогаш нема да се ослободиш од тоа име“.

# Привлечно деколте



Градите доколку не се највпечатливиот дел од женското тело, тогаш тие се најупадливиот дел со што сигурно би се сложила машката популација.

Ќе ви претставиме неколку совети како да го подобрите изгледот на вашите гради.

Користете хранливи препарати

После туширање наместо лосион за тело, на вашите гради нанесете крема за нежна и осетлива кожа. Кремата по можност треба да содржи витамини А, Е, Ц, и Б5, бидејќи тие според сите врвни козметичари и дерматолози помагаат во хидратација на кожата.

Хидротерапија

Хидротерапија е наизменично туширање со топла и со ладна вода. Ваквото туширање е погодно за целото тело бидејќи истото ја подобрува циркулацијата на крвта. Насочете го тушот кон градите и пуштете топла вода која нагло ќе ја ладите и потоа повторно ќе ја смените. Ваквото туширање треба да трае околу 10 секунди.

Разладување со лимон

Во текот на летните денови кожата е навистина осетлива посебно поради честото потење, по што се јавуваат осипи и мозолки кои го нарушуваат изгледот на вашето деколте. Па можете пред спиење да ги измиете проблематичните места со лосион помешан со вода со што освен што ќе го освежите вашето деколте истовврeмено и ќе го разладите.

Вежби

Неколку пати во денот може да направите неколку едноставни вежби кои ги затегнуваат мускулите под вашите гради и помагаат за поправилно стоење. Исправени кренете ги рацете нагоре и со дланките притискајте една со друга се додека не осетите стегање на мускулите. Иако оваа е едноставна вежба, сепак неколкукратно нејзино практикување во текот на денот помага за вежбање на мускулите.

Маска за деколте

Доколку вашата кожа е многу тенка и осетлива на влијанија, тогаш пожелно е еднаш неделно да ја освежувате со маска, која можете да ја купите од продавница, но и можете да ја направите од две рендани јаболки кои ќе ги премачкате на градите.



# Алергии предизвикани од сончева светлина



Алергиските реакции кои се предизвикани од сонце уште се нарекуваат и фотосензитивност. Кај некои луѓе организмот не може да ја толерира изложеноста на сончева светлина и се активира имунолошкиот систем. Типот на реакцијата и количината на изложеност на сончева светлина која е потребна за да се манифестира алергијата е различна кај секој. Алергијата не треба да се меша со изгорениците кои се јавуваат како последица на прекумерната изложеност на UV зраците, при што меланинот не е во состојба понатаму да ја заштитува кожата и доаѓа до оштетување. Сепак времето на изложеност на сонце кое е потребно за да дојде до алергиска реакција или изгореници предизвикани од претерана изложеност е различно во зависност од индивидуата и неможе прецизно да се дефинира. Во продолжение ви изнесуваме неколку совети на што треба да внимавате. Алергијата на сонце понекогаш се јавува како последица од комбинација на креми за сончање, масла или парфеми заедно со сончевите зраци. Исто така може сонцето воопшто да не биде инволвирано, а алергијата да биде предизвикана исклучиво од кремите, маслата или парфемите, па затоа за почеток, ако забележите алергиска реакција веднаш променете ги кремите, парфемите како и целата козметика за да бидете сигурни дека алергијата не е предизвикана од нив. Разликувајте ја алергијата од сончевите изгореници. Алергијата се јавува како резултат на реакција на имунолошкиот систем кон било што внесено од надвор, додека изгорениците како што кажавме се последица на прекумерното изложување на сонце. Внимавајте бидејќи лесно можете да ги помешате, зашто постојат луѓе кои поради малото количество на меланин во кожата лесно се подложни на изгореници, па можат и лесно да се сомневаат на алергии. Како да се разликуваат? Алергиите обично се јавуваат во вид на црвени кругови, на различни делови од телото, обично на допир не болат, но можете да чувствувате благо пецкање, но понекогаш и интензивно чешање. Додека изгорениците, на допир се доста болни, кожата е исклучително топла и не се манифестира во вид на кругови, туку само интензивно црвенило и болка на местата кои што биле изложени на сонце. Алергијата на сонце може да се јави и во комбинација со орални таблети кои ги користат како терапија против некоја здравствена состојба. Доколку забележите алергија, ведна помислете дека користите некаква терапија, а доколку е така веднаш консултирајте се со лекар.

**Доклку веќе се потврди дека сте алергични на сончева светлина,**
**на што особено треба да внимавате?**

Доколку се потврди вашата преосетливост на сонце, особено посветете внимание на следново:

- Не треба да се изложувате на директни сончеви зрачење.
- Не треба да се изложувате на сончеви зраци на високи планински предели, бидејќи таму зрачењето е многу поинтензивно.
- Секогаш кога се изложувате на сонце за време на летните жешки денови, се препорачува да ја заштитите кожата и главата со шешир или чадор.



# Љубовен Хороскоп

**Овен 21.03-20.04**

Во текот на целиот месец интензивно ќе работите на своето однесување и комуникација со личностите од спротивниот пол. Ќе барате совршен начин за изразување на чувствата. Оние во врска ќе го подобрат својот однос по низа разговори. Отворениот дух ќе биде она што ќе ве води напред.

**Бик 21.04 – 20.05**

Оние кои се во подолги врски спонтано ќе го зацврстат својот однос. Ќе и бидат поткрепа на саканата личност која поради тоа ќе им биде благодарна. Ќе шират оптимизам и ведрина. Оние кои се сеуште сами нема да се грижат поради својот статус. Ќе уживаат во животот и во сето она што им го дава животот. Без притисок дека нешто мора да направат ќе среќаваат нови луѓе и ќе создаваат нови пријателства

**Близнаци 21.05 – 20.06**

Речиси целиот месец Венера во вашиот знак ќе биде ретроградна, па ќе решавате важни љубовни прашања поврзани со нешто што се провлекува од порано, а требало да се реши. Во исто време вие ќе уживате, ќе заведувате, ќе препознавате љубовни можности. Многумина ќе заблескаат и ќе се почувствуваат среќни, како што одамна не биле.

**Рак 21.06 – 20.07**

Во љубовниот живот најмногу задоволство ќе ви претставува дискрецијата, таинственоста или платонскиот пристап. Ќе има и такви кои ќе уживаат во тајна љубовна врска или флерт. Оние кои се во стабилна врска ќе имаат потреба за повлекување, се разбира со саканата личност, па нема многу да излегуваат. Ќе уживаат во двојка во интимноста на домот.



**Лав 21.07 – 21.08**

Ќе бидете релаксирани кога се работи за љубовта. Со таков став лесно ќе придобиете симпатии и ќе ги шармирате сите околу себе. Оние во врска саканата личност ќе ја поврзуваат со друштвото, па на повидок се забави со пријателите или со поголеми групи. Оние што се сами лесно ќе наоѓаат друштво, а дали ќе се врзат зависта од двете страни подеднакво.

**Девица 21.08 – 22.09**

Управувани од Меркур, планетата на интелектот, девиците го анализираат секој детал пред да спојат усни со некој. По природа се перфекционисти, па и атмосверата пред бакнување мора да биде совршена. Стилот на бакнување на овој знак е совршен – внимателен и исполнет со чувства.

**Вага 23.09 – 22.10**

Како што ќе одминува месецот, вие ќе имате се подобри прилики во љубовниот живот. Ќе знаете да се поставите кон секоја тема и ќе успеете да ја зајакнете довербата помеѓу вас и саканата личност. Вашата врска ќе се стабилизира. Оние кои се сеуште сами на елегантен начин ќе дојдат до нечие срце. Ќе бидат задоволни.

**Скорпија 23.10 – 22.11**

Сите помали или поголеми промени за кои сте размислувале овој месец би можеле да се најдат на дневен ред. Ќе поработите на реорганизацијата на својот љубовен живот, без разлика што е тоа. Оние кои се во врска ќе се ангажираат во сексуална и еротска смисла, па на тој начин уште повеќе ќе го придобијат партенрот. Оние кои се сами ќе поработат на својот изглед.

**Стрелец 23.11 – 20.12**

Пред вас е прилично напорен љубовен месец. Ќе мора да ги расчистувате своите лични односи, а во тоа би било паметно да сте потактични, да размислувате пред секој потег и мирно да ја сослушате другата страна. Што и да биде, подобро е да се разбистри, отколку и понатаму да живеете во илузија.

**Јарец 21.12 – 19.01**

Целиот месец ќе ве копка можноста за љубовна врска со личност од работа. Ќе имате силна потреба тоа да го расчистите, па многумина ќе превземат чекори за да го дефинираат својот однос со таа личност. Оние кои се во стабилни врски ќе бидат среќни и ќе уживаат во мали работи без притисок и потреби од сензации. Едноставно ќе бидат задоволни.

**Водолија 20.01 – 18.02**

Пред вас е месец со низа интересни љубовни средби и добри забави. Излегувањата би можеле да бидат секојдневи, а вие насмеани, отворени и среќни. Оние во врска ќе бидат друштвен пар и би можеле да се видат на сите интересни социјални собирања. Оние кои сеуште бараат сродна душа веројатно ќе ја најдат.

**Риби 19.02 – 20.03**

Силата произлегува од болката.. Да не е така, не би ја препознале убавината и величината. Бидете свесни дека ова низ кое сега поминувате создава темели за поубаво утре, а на вас е сето тоа да го поминете достоинствено и мирно. Во спротивно, очекувајте страдање. Треба да останете мирни, трпеливи, подложни на добрина и потоа ќе биде подобро.